**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-160/8**
**Скопје,27.09.2023 година**

Записник од осумдесет и петта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 27.09.2023 година.

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Арбер Исаку Заменик претседател
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-ѓа Душица Димитриеска член
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јасна Жежова член
г-дин Љубомир Јовески член
г-дин Ицет Мемети член
г.Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Фиданка Рајевска член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-дин Антонио Јолевски констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на осумдесет и петтата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

## Дневен ред

1 Усвојување на записникот од 84 (осумдесет и четврта) седница на Советот.
2 Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во јавните обвинителства во Република Северна Македонија.
3 Одлучување по дисциплинските предмети СОЖ бр. 4/22, СОЖ бр.1/23 и СОЖ бр.2/23
4 Разно
5 Донесување на одлука за престанок на функција Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ поради истекот на мандатот.
6 Донесување на одлука за избор на Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја отвори осумдесет и петтата седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред за оваа седницата. Од страна на членовите на Советот, дневниот ред едногласно беше усвоен.

Под точка еден од дневниот ред, едногласно беше усвоен записникот од 84 (осумдесет и четвртата) седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски предложи Советот да донесе одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во јавните обвинителства и РСМ. Воедно даде предлог да се објави оглас за избор на двајца јавни обвинители во Јавното обвинителство на РСМ, двајца јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје, двајца јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Гостивар, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга и двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар. Кажа дека се останати уште четири кандидати со завршена обука од АСЈО, кои доаѓаат од подрачјето на Скопје, Гостивар и Струга и смета дека и овие кандидати би требало да бидат избрани во основните јавни обвинителства. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку, се согласи со предлогот на Претседателот на Советот, за објавување на оглас за избор на двајца јавни обвинители во ВЈО Гостивар, како што кажа од предвидени осум јавни обвинители согласно предвидената систематизација, во моментот јавно обвинителската функција ја извршуваат само четворица јавни обвинители, од кои на еден јавен обвинител му мирува функцијата поради избор во ОЈО ГОКК – Скопје.

Член на Советот истакна дека на Советот му се познати состојбите во поглед на пополнетоста на јавно обвинителските места во јавните обвинителства во РСМ. Кажа дека на оваа тема повеќе пати се дискутирало на седниците на Советот и воедно се согласи со дадениот предлог од страна на Претседателот на Советот и смета дека со ова ќе се направи исчекор во подобрување на ситуациите на Вишите јавни обвинителства, а притоа да не се наштети на основните јавни обвинителства. Воедно се осврна на состојбите во ОЈО Гостивар, и кажа дека во следниот период се очекува ова јавно обвинителство да покаже солидни резултати во работењето со оглед на новата поставеност, за разлика од ОЈО Тетово каде како што истакна дека ова јавно обвинителство сеуште не е пополнето со јавно обвинителски кадар и во догледно време истото не ќе може да се пополни, а има застој од нерешени предмети.

Член на Советот побара од Претседателот на Советот да даде образложение каква е кадровската состојба во ОЈО Гостивар, дали е целосно пополнето и доколку фалат јавни обвинители, колкава е таа бројка и дали не би влијаело негативно објавувањето на огласот за ВЈО Гостивар, врз работата на ОЈО Гостивар.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски истакна дека во овој момент ОЈО Гостивар има недостаток само од двајца јавни обвинители, и со самиот оглас за избор на двајца јавни обвинители во ОЈО Гостивар, од редот на слушателите кои имаат завршено обука од АСЈО, оваа бројка ќе биде пополнета во целост со проширената систематизација. Воедно кажа дека ова јавно обвинителство во моментот е најпополнето со јавно обвинителски кадар.

Член на Советот кажа дека претходно членовите на Советот разговарале за потребата за објавување на оглас за избор на јавни обвинители и смета дека ако се согледаат состојбите и изборот по кариера во повисоките јавни обвинителства, овој предлог на претседателот е максимумот што во овој момент може да се извлече. Воедно се согласи со предлогот на Претседателот на Советот за донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители.

Г-дин Иџет Мемети истакна дека Советот ги следи кадровските состојби во јавните обвинителства во РСМ, и смета дека предлогот на Претседателот на Советот е добар и прифатлив. Кажа дека за одливот на кадрите од ОЈО Гостивар треба да се води сметка тогаш односно да се внимава при самиот избор од каде ќе се избираат кандидатите.

**Откако никој не зема збор по оваа точка од дневниот ред, Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе одлука за објавување на оглас за избор на двајца јавни обвинители во јавното обвинителство на РСМ, двајца јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Гостивар, двајца јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје, двајца јавни обвинители во Основното јавно**

**обвинителство Гостивар, еден јавен обвинител во основното јавно обвинителство Скопје и еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга.**

Пред да се помина на точката три од дневниот ред, седницата ја напушти Јавниот оббвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески како подносител на предлозите за поведување на дисциплински постапки.

Претседателот на Советот предложи, согласно чл.10а од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ, јавноста да биде исклучена заради заштита на угледот и интегритетот на јавните обвинители против кои се водат дисциплинските постапки, после што Советот со 2/3ско мнозинство ја исклучи јавноста.

Откако јавноста ја напушти седницата, Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски, ги прочита одлуките на Комисиите кои постапувале по дисциплинските предмети СОЖ бр.4/22, СОЖ бр.1/23 и СОЖ бр.2/23.

За предметот СОЖ бр.4/22 за г-дин Воислав Димовски кажа дека има донесено решение од страна на овој Совет, со кое му престанала функција јавен обвинител по сопствено барање во месец јуни 2022 година. Воедно нагласи дека предметот СОЖ бр.4/22, по повод жалбата на јавниот обвинител Воислав Димоски, а по службена должност ДА СЕ ЗАПРЕ дисциплинската постапка поведена продив г-дин Воислав Димоски од Охрид, бидејќи му престанала функцијата јавен обвинител во ОЈО Охрид, по сопствено барање.

Во однос на предметот СОЖ бр.1/23, изнесе дека Комисијата формирана од овој Совет дала мислење по повод жалбата на јавниот обвинител Марија Демирева, а по службена должност решението на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавниот обвинител во вршење на јавнообвинителската функција А.бр.03-358/13-2022 од 07.12.2022 година ДА СЕ УКИНЕ и предметот да се врати на повторно одлучување.

Во врска со предметот СОЖ бр. 2/23 кажа дека Комисијата формирана од овој Совет дала мислење жалбата на јавниот обвинител Расим Дреца ДА СЕ УВАЖИ, а Решенијата на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавниот обвинител при вршењето на јавнообвинителската функција А бр.0302-137 од 07.12.2022 година и А бр.03-407/14 од 07.12.2022 година, ДА СЕ УКИНАТ, и предметот да се врати на повторно одлучување.

Пред да се помине на гласање по наведените дисциплински предмети, се врати јавноста.

Послед поединечното гласање Советот донесе одлуки и тоа: По предметот СОЖ бр.4/22, по повод жалбата на јавниот обвинител Воислав Димоски, а по службена должност СЕ ЗАПИРА дисциплинската постапка поведена продив г-дин Воислав Димоски од Охрид, бидејќи му престанала функцијата јавен обвинител во ОЈО Охрид, по сопствено барање.

По предметот СОЖ бр.1/23 по повод жалбата на јавниот обвинител М.Д., а по службена должност решението на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавниот обвинител во вршење на јавнообвинителската функција А.бр.03-358/13-2022 од 07.12.2022 година СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на повторно одлучување и по предметот СОЖ бр.2/23 жалбата на јавниот обвинител Р. Д., СЕ УВАЖУВА, Решенијата на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавниот обвинител при вршењето на јавнообвинителската функција А бр.0302-137 од 07.12.2022 година и А бр.03-407/14 од 07.12.2022 година, СЕ УКИНУВААТ, и предметот се враќа на повторно одлучување.

После ова на седницата се врати јавниот обвинител на РСМ.

Под точка разно Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека до членовите на Советот е доставен Правилник -Акт за изменување и дополнување на Актот за внатрешна организација на СЈОРСМ, каде што се врши техничка корекција и се додаваат зборови, како и се додава член каде што претставките и поплаките би се запишувале во посебен уписник СОПП. Предложи истиот да биде усвоен од страна на членовите на Советот.

Едногласно истиот беше усвоен од страна на членовите на Советот и истиот ќе биде во примена од 01.01.2024 година.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски, ги запозна членовите на Советот со содржината на писмото доставено од страна на Министерството за правда во однос на измените и дополнување на Кривичниот законик. Воедно кажа дека материјалите ќе бидат ископирани и поделени на секој член на запознавање.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со содржината на писмото доставено од страна на ЈОРСМ, а се однесува на Секретаријатот - ГРЕКО. Од страна на членовите на Советот беше одлучено писмото да се препрати до Здружението на јавните обвинители на РСМ, на запознавање и нивно понатамошно постапување.

Откако никој не зема збор под точката разно се помина на точката пет од дневниот ред.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека на 30.09.2023 година, му завршува мандатот како Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ, и согласно тоа Советот треба да донесе одлука за престанок на мандатот Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ заклучно со 30.09.2023 година.

Од страна на членовите на Советот одлуката беше едногласно донесена.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 8 став 3 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе одлука за престанок на мандатот Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ, за г-дин Антонио Јолевски, поради истекот на времето за кое е избран заклучно со 30.09.2023 година.**

Под точка шест од дневниот ред, г-дин Антонио Јолевски кажа дека Претседател на Советот се бира од редот на јавните обвинители со мандат од две години, и воедно за иден Претседател на Советот ја предложи г-ѓа Душица Димитриеска. Воедно кажа дека функцијата јавен обвинител ја извршува од 2009 година, во 2022 година ја извршувала функцијата ВД како и Основен јавен обвинител на ОЈО Гостивар, а од 01.02. 2023 година, е избрана за член на Советот на јавните обвинители на РСМ. Смета дека може со успешност да одговори на функцијата Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ и истакна дека секој член на Советот има право да предложи кандидат за претседател на Советот и отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески кој го подржа предлогот на претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски, за иден претседател да биде избрана г-ѓа Душица Димитриеска. Истакна дека ЈОРСМ ја има следено работата на јавниот обвинител Душица Димитриеска како јавен обвинител и како ВД Основен јавен обвинител на ОЈО Гостивар, смета дека има покажано солидни резултати во работењето и дека тоа е гаранција дека и како претседател на Советот успешно ќе ја извршува оваа функција.

Откако никој не зема збор се утврди дека има само еден кандидат за Претседател на Советот.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски предложи да се формира Комисија која ќе го спроведе изборот на Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ и за членови на Комисијата ги предложи г-ѓа Кети Петкова за Претседател, г-ѓа Светлана Жупаноска за член и г-дин Ермон Незири за член.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за формирање на Комисија за избор на Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ во состав г-ѓа Кети Петкова – Претседател, Светлана Жупаноска – член и Ермон Незири – член.**

Комисијата за избор на претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ ги подготви списокот и избирачките ливчиња, по што се започна со тајно гласање за избор на Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ.

Откако се заврши со гласање, Комисијата за избор на претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ, констатира дека едногласно со 11 гласа ЗА, за Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ, се избира г-ѓа Душица Димитриеска .

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, согласно член 8 став 2 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе долука за избор на Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ.**

**За Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ беше избрана г-ѓа Душица Димитриеска.**

Г-дин Антонио Јолевски се заблагодари за досегашната соработка на членовите на Советот и се надева дека таквата соработка и во иднина ќе продолжи. Воедно и посака успех во работата на новоизбраниот Претседател на Советот.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески во свое име и во име на останатите членови на Советот му се заблагодари на досегашниот претседател на Советот за досегашната соработка истакнувајќи дека успешно изминатите две години ја извршувал функцијата Претседател на СЈОРСМ.

Збор зема г-ѓа Душица Димитриеска која како Претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ, им се заблагодари на членовите на Советот за искажаната доверба при изборот за Претседател на Советот, и согласно член 8 ста4 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ и член 6 став 4 од Деловникот за работа за Советот на јавните обвинители на РСМ, за Заменик Претседател на Советот го предложи г-дин Ицет Мемети.

Предлогот на Претседателот на Советот на јавните обвинители на РСМ г-ѓа Душица Димитриеска едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, согласно член 8 став 4 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ и член 6 став 4 од Деловникот за работа за Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе долука за избор на Заменик претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ. За Заменик претседател на Советот на јавните обвинители на РСМ беше избран г-дин Ицет Мемети.**

Претседателот на Советот на јавните обвинители на РСМ г-ѓа Душица Димитриеска за Генерален секретар на Советот го предложи г-дин Аспарух Мисајловски.

Предлогот беше едногласно усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на РСМ донесе одлука за назначување на г-дин Аспарух Мисајловски за Генерален секретар на Советот на јавните обвинители на РСМ.**

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи 85(осумдесет и петата) седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Антонио Јолевски**